***прикази-полемики-рецензии***

*Наташа ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА*

## С. БОЈАНИН, И. МИЛАЧИЌ, М. СЕЛАКОВИЌ: "АУТИЗАМ"

Правејќи еден краток преглед врз содржината на книгата "Аутизам" можеме да констатираме дека тоа е книга каква што недостасува во нашата стручна литература, а и една од ретките книги од тој вид во целокупната светска литература.

Затоа треба да се поздрави иницијативата на издавачката куќа "ИП Заавет" од Белград, што прифатила книгата на **Светомир Бојанин, Ивана Милачиќ и Милка Селаковиќ** "АУТИЗАМ" да ја објави.

Во оваа книга ќе можат да се најдат, на лесен и пристапен начин изложени, многу корисни теоретски и практични информации како за лекари-невропсихијатри, дефектолози, социјални работници, така за оние што имаат амбиции да се занимаваат со истражувачка работа во областа на **клиничката психијатрија, социјална психијатрија** како и во другите области на современата психијатрија, па дури и родителите што имаат вакви деца.

Оваа книга се состои од три дела, а секој дел се состои од две поглавја со исклучок на првиот дел што се состои од три поглавја претставени на 240 страници и тоа:

1. **Теоретски основи и дијагностика**
    - рани детски психози и аутизам
    - основни психички особености на аутизмот
    - невропсихолошки пристап на раните детски психози
2. **Психотерапија, едукација, рехабилитација**
    - Психотерапевтски и едукативен третман на аутизмот
    - Белградска интегративна метода
3. **Медикаментна терапија**
    - средба со аутизмот
    - медикаментозна терапија

**Првиот дел** ни дава мошне корисни теоретски информации за раните детски психози а посебно за аутизмот, за проблемот за препознавање и

класификација на раните детски психози, клиничките слики како и за можните **етиолошки фактори** за настанување на детски психози, посебно за аутизмот.

Исто така во овој дел теоретски се обработени основните психички особености на аутизмот (интелигенцијата, емоциите и мислењето).

**Вториот дел** што е најобимен, а се чини и најбитен за сите оние кои практично се занимаваат со проблемот-аутизам ни дава опис на голем број методи за третман и едукација на овие лица.

Во оваа книга е даден детален опис на седум методи на работа и тоа:

1. **Психоаналитички пристап**-како прв пристап во психичкото лечење на психичките болести во детството. Оваа метода е усмерена кон односот на детето со другите и мотивирање на детето кон животот во социјалното поле.
2. **Бихевиорална метода**-оваа метода настојува веднаш да го корегира однесувањето, да го поттикне развојот на говорот и сознајните функции.
3. **TEACH (тич) метода**-што е окупирана со проблемот на организирање на едукативен пристап и со неговото индивидуализирање во работата со аутистичните деца.
4. **Холдинг метода**-се заснова врз обновување на контактите "осети на близина", т.е. контакти со допир и кинестезија.
5. **Сензорна интеграција**-во средиштето на оваа метода "нередот на осети" т.е. неврофизиолошката неможност за интегрирање на определени дразби во целосно доживување на реалноста околу детето.
6. **Дневна животна терапија**-што доаѓа од Јапонија (Хигаши школа) и е усмерена кон целокупната личност на детето. Оваа метода настојува да воспостави определен ритам на денот со што би се реорганизирал биологизмот на детето и неговата можност за социјализација.
7. **БИМ (Белградска интегративна метода)**-оваа метода голем акцент става врз дневниот ритам на активностите, врз редукација на психомоториката, врз терапијата со игра и на работата со родителите како и со браќата и сестрите на децата со аутизам.

Во книгата доста простор и е посветен и на **медикаментозната терапија,** а еден од коавторите на книгата **М. Селаковиќ** го има обработено поглавјето за примената на **витаминска терапија, анксиолитичките седативи, невролептиците и на новите препарати (фенфлураминот, налтрексонот, мелатонитот и др.) за подобрување на состојбата на аутистичните лица**.